Nr./Бр. 02-1377/1
Tetovë/Тетово, 04.06 2026 г.
Universiteti i Tetovës/Универзитет во Тетово
Rektorat, rr. Ilindenit, pn./Ректорат, ул. Илинденска, пн. 1200, Tetovë/Тетово

UNIVERSITETI I TETOVËS
УНИВЕРЗИТЕТ ВО ТЕТОВО | UNIVERSITY OF TETOVA

# ИНФОРМАЦИЈА

## за резултатите од тајното гласање за избор на ректор на Универзитетот во Тетово, спроведено на ден 04.06.2026 година

По приемот на резултатите од спроведеното гласање на единиците за избор на ректор на Универзитетот во Тетово, за мандатниот период 2026 – 2029 година, доставени од страна на поединечните изборни комисии на единиците на Универзитетот, Универзитетската изборна комисија изврши сумирање на резултатите од гласањето на сите единици во состав на Универзитетот.

На ден 04.06.2026 година, од 12:00 до 14:00 часот, се спроведе тајно гласање.

Се гласаше на 13 факултети во состав на Универзитетот за следниве кандидати за ректор:

1. **Фехари Рамадани,** редовен професор на Филозофскиот факултет
2. **Јусуф Зејнели,** редовен професор на Правниот факултет
3. **Куштрим Ахмети,** редовен професор на Филозофскиот факултет

На сите единици гласањето започна и заврши во утврденото време.

Врз основа на доставените извештаи и записници од изборните комисии на единиците за одржаните избори, се утврди дека не се констатирани неправилности и какви било други нерегуларности и проблеми, односно гласањето во целост е спороведено во согласност со Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот во Тетово и Упатството за за избор на ректот на Универзитетот во Тетово, за мандатниот период 2026 – 2029 година.

Врз основа на избирачките списоци на единиците на Универзитетот, запишани се вкупно 355 гласачи.

На денот на гласањето за избор на ректор гласаа вкупно 343 членови на наставно-научните совети на единиците.

Вкупно 12 гласачки ливчиња беа неискористени.

Резултати од гласањето изразени во поени што ги освоил секој кандидат за избор на ректор

| Ред. бр. | Единица на УТ (факултет/институт) | Кандидат за ректор проф. д-р **Фехари Рамадани** Освоени поени | Кандидат за ректор проф. д-р **Јусуф Зејнели** Освоени поени | Кандидат за ректор проф. д-р **Куштрим Ахмети** Освоени поени |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Економски факултет | 10 | 1 | 24 |
| 2. | Правен факултет | 21 | 1 | 15 |
| 3. | Филозофски факултет | 7 | 0 | 23 |
| 4. | Филолошки факултет | 16 | 3 | 16 |
| 5. | Педагошки факултет | 8 | 1 | 13 |
| 6. | Факултет за медицински науки | 18 | 2 | 21 |
| 7. | Факултет за природно-математички науки | 10 | 9 | 36 |
| 8. | Факултет за применети науки | 5 | 0 | 8 |
| 9. | Факултет за физичка култура | 4 | 0 | 13 |
| 10. | Факултет за бизнис администрација | 1 | 0 | 4 |
| 11. | Факултет за прехранбена технологија и исхрана | 2 | 1 | 7 |
| 12. | Факултет за земјоделство и биотехнологија | 1 | 0 | 9 |
| 13. | Факултет за уметности | 16 | 4 | 8 |

Од приложените резултати се констатира следнава фактичка состојба:

1. Кандидатот за ректор **Фехари Рамадани,** редовен професор на Филозофскиот факултет, освои вкупно 843,915 поени.

2. Кандидатот за ректор **Јусуф Зејнели,** редовен професор на Правниот факултет освои вкупно 128,408 поени.

3. Кандидатот за ректор **Куштрим Ахмети,** редовен професор на Филозофскиот факултет освои вкупно 1.627,677 поени.

Во согласност со членот 106, став 9 од Статутот на Универзитетот во Тетово, за мандатниот период 2026-2029 година, за ректор на Универзитетот во Тетово е избран кандидатот: **Куштрим Ахмети** редовен професор на Филозофскиот факултет, со освоени најмногу поени.

Тетово, 04.06.2026 г.

**Претадател на**

**Универзитетската изборна комисија**

**проф. д-р Метин Изети**